# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 118** **7 мај 2020, четврток** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**С О Д Р Ж И Н А**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1586. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба | 2 |
| 1587. | **Правилник** за листата на професионалните болести | 2 |
| | **Огласен дел** | 1-56 |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1586.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА НОСЕЊЕ ЛИЧНА ЗАШТИТА НА ЛИЦЕТО ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО, СУЗБИВАЊЕ НА ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНАВИРУСОТ COVID-19 И ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20), по членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

„Член 5-а

Кога домашно или странско физичко лице, постапува спротивно на одредбите од член 2 став 1 од оваа уредба со законска сила, се издава прекршочен платен налог, согласно закон.“

Член 2

По членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

„Член 6-а

За прекршоците од членот 6 став 1 од оваа уредба со законска сила, кога сторител на прекршокот е домашно физичко лице, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршоците во Министерството за внатрешни работи.

За прекршоците од членот 6 став 1 од оваа уредба со законска сила, кога сторител на прекршокот е странско физичко лице, како и за прекршоците од членот 6 ставовите 2 и 3 од оваа уредба со законска сила, кога сторител на прекршокот е домашно или странско правно лице, односно одговорно лице во правното лице, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.“

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3703/1 | Претседател на Владата |
| 5 мај 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1587.**

Врз основа на член 40 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („“Службен весник на Република Македонија“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14,20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 180/19, 275/19 и 31/20), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ЛИСТАТА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ БОЛЕСТИ**

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат листата на професионалните болести што се сметаат како професионални болести и условите и критериумите за признавање на професионалните болести.

ЛИСТА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ БОЛЕСТИ

Член 2

Болести што се сметаат како професионални болести, се следните:

1. Заболувања предизвикани од следниве хемиски агенси:

| | |
|---|---|
| 100 | Акрилонитрил |
| 101 | Арсен или негови соединенија |
| 102 | Берилиум (глуциниум) или негови соединенија |
| 103.01 | Јаглен моноксид |
| 103.02 | Јаглен оксихлорид |
| 104. | Хидроцијанидна киселина |
| 104.01 | Цијаниди и нивни соединенија |
| 104.02 | Изоцијанати |
| 105 | Кадмиум или негови соединенија |
| 106 | Хром или негови соединенија |
| 107 | Жива или нејзини соединенија |
| 108 | Манган или негови соединенија |
| 109 | Азотна киселина |
| 109.01 | Азотни оксиди |
| 109.02 | Амоњак |
| 110 | Никел или негови соединенија |
| 111 | Фосфор или негови соединенија |
| 112 | Олово или негови соединенија |
| 113. | Сулфурни оксиди |
| 113.01 | Сулфурна киселина |
| 113.02 | Јаглен дисулфид |
| 114 | Ванадиум или негови соединенија |
| 115. | Хлор |
| 115.01 | Бром |
| 115.02 | Јод |
| 115.03 | Флуор или негови соединенија |

116 Алифатични или ациклични јаглен водороди со потекло од петролеум (сирова нафта) или пречистен петролеум (сиров бензин)

117 Халогени деривати на алифатичните јагле, водороди

118 Бутил, метил и изопропил алкохол

119 Етилен гликол, диетилен гликол, 1,4-бутандиол и азотни деривати на гликоли и глицерол

120 Метил етер, етил етер, изопропил етер, винил етер, дихлороизопропил етер, гваиакол, метил етер и етил етер на етилен гликол

121 Ацетон, хлороацетон, бромацетон, хексафлуороацетон, метил етил кетон, метил н-бутил кетон, метил изобутил кетон, диацетон алкохол, мезитил оксид, 2- метилциклохексанон

122 Органофосфорни естри

123 Органски киселини

124 Формалдехид

125 Алифатични азотни деривати

126 Бензен или слични соединенија (сличните соединенија на бензенот се дефинирани со формулата ЦнХ2н-6)

126.01 Нафталин или слични соединенија (сличните соединенија на нафталинот се дефинирани со формулата : ЦнХ2н-12)

126.02 Винилбензен и дивинилбензен

127 Халогени деривати на ароматичните јагленоводороди

128. Феноли или слични соединенија или халогенирани деривати од нив

128.01 Нафтоли или слични соединенија или халогенирани деривати од нив

128.02 Халогенирани деривати на алкиларил оксидите

128.03 Халогенирани деривати на алкиларил сулфонатите

128.04 Бензокинони

129 Ароматични амини или ароматични хидразини или халогенирани, фенолни, нитрирани, нитратни или сулфонирани деривати од нив

129.01 Алифатични амини и халогенирани деривати од нив

130. Нитратни деривати на ароматичните јагленоводороди

130.01 Нитратни деривати на фенолите или нивни слични соединенија

131 Антимон и негови соединенија

132 Естри на азотна киселина

133 Сулфур водород

134 Енцефалопатии кои се резултат на органски растворувачи кои не влегуваат под другите заглавија

135 Полиневропатии како резултат на органски растворувачи кои не влегуваат под други заглавија.

2. Кожни заболувања предизвикани од супстанции и агенси кои не се вклучени под други заглавија

201 Кожни заболувања и кожни карциноми предизвикани од:

201.01 Гар

201.02 Катран

201.03 Битумен

201.04 Смоли

201.05 Антрацен или негови соединенија

201.06 Минерални и други масла

201.07 Сиров парафин

201.08 Карбазол или негови соединенија

201.09 Придружни продукти од дестилацијата на јагленот

202 Професинални кожни заболувања предизвикани од супстанци, научно докажани како предизвикувачи на алергија или иритатација, а не се вклучени во другите заглавија

3. Заболувања предизвикани од инхалација на супстанци и агенси кои не се вклучени под другите заглавија

301 Заболувања на респираторниот систем и карциноми

301.11 Силикоза

301.12 Силикоза комбинирана со белодробна туберкулоза

301.21 Азбестоза

301.22 Мезотелиом по инхалација на азбестна прашина

301.31 Пнеумокониози предизвикани од силикатна прашина

302 Компликација на азбестоза во форма на бронхијален карцином

303 Бронхо-пулмонални болести предизвикани од прашина на синтерирани метали

304 Екстринзичен алергиски алвеолитис

304.01 Белодробни заболувања предизвикани од инхалација на прашина и влакна од памук, лен, коноп, јута, сисал - растение за изработка на јажиња, багас-отпадоци од шеќерна трска

304.02 Респираторни болести предизвикани од инхалација на прашина од кобалт, калај, бариум и графит

304.03 Сидероза

305.01 Малигни заболувања на горниот респираторен тракт предизвикани од дрвна прашина

304.06 Алергиска астма предзвикана од инхалација на супстанции соодветно утврдени како предизвикувачи на алергија и поврзана со видот на работата.

304.07 Алергиски ринитис предизвикан од инхалација на супстанции соодветно утврдени како предизвикувачи на алергија и поврзан со видот на работата.

306 Фиброгени заболувања на плеврата, со респираторна рестрикција, предизвикани од азбест

307 Хроничен обструктивен бронхитис или емфизем кај рудари кои работат во подземни рудници за јаглен

308 Белодробен карцином по инхалација на азбестна прашина

309 Бронхо-пулмонални болести кои се предизвикани од прашина или испарувања од алуминиум или негови соединенија

310 Бронхо-пулмонални болести предизвикани од прашина од базни троски

4. Инфективни и паразитарни заболувања

401 Инфективни или паразитарни заболувања што се пренесуваат на луѓето преку животни или остатоци од животни

402 Тетанус

403 Бруцелоза

404 Вирусен хепатитис

405 Туберкулоза

406 Амебијаза

407 Други инфективни заболувања предизвикани при превенција на заболувања, здравствена заштита, домашна посета и други компаративни активности за кои е докажан ризикот од инфекција.

408 Инфективни заболувања предизвикани од Коронавирус COVID-19 при превенција, здравствена заштита, домашна посета и други слични активности за кои е докажан ризикот од инфекција.

5 Заболувања предизвикани од следниве физички агенси:

502.01 Катаракти предизвикани од топлотна радијација
502.02 Коњуктивални болести по изложеност на ултравиолетово зрачење
503 Хипакузија или глувост предизвикана од бучава
504 Заболувања предизвикани од атмосферска компресија или декомпресија
505.01 Остеоартикуларни заболувања на шаките и зглобовите предизвикани од механички вибрации.
505.02 Ангионевротски заболувања предизвикани од механички вибрации
506.10 Заболувања на периартикуларните сакуси како резултат на притисок
506.11 Пре-пателарен и суб-пателарен бурситис
506.12 Олекранонски бурситис
506.13 Бурситис на рамо
506.21 Заболувања како резултат на прекумерен напор на тетивните обвивки
506.22 Заболувања како резултат на прекумерен напор на перитендинеумот
506.23 Заболувања како резултат на прекумерен напор на мускулните и тетивните припои
506.30 Лезии на менискус кои што следат по подолги периоди на работа при потпирање на колена или при клечечка положба
506.4 Парализа на нервите како резултат на притисок
506.45 Синдром на карпалниот тунел
507 Рударски нистагмус
508 Заболувања предизвикани од јонизирачко зрачење

## УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ БОЛЕСТИ

### Член 3

Услови и критериуми за признавање на професионалните болести, во смисла на овој правилник, се следните:

1. ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД СЛЕДНИВЕ ХЕМИСКИ АГЕНСИ :

100. АКРИЛОНИТРИЛ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на акрилонитрил (доказ за изложеностите и позитивна работна анамнеза)

КРИТЕРИУМИ

Да постои киничка слика или специфично оштетување на:

1) три од наведените органи или системи: ЦНС, кожа, очи, црн дроб или

2) малигни заболувања

101 АРСЕН ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на арсен или на негови соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика или специфично оштетување на:

1) кожа и периферните нерви;

2) едно од овие оштетувања (кожа или периферни нерви) со најмалку две оштетувања на: централен нервен систем, црн дроб, срце, периферни крвни садови, бубрег, крв и крвотворни органи; или

3) да постои малигно заболување (бронхоген карцином или карциноми на кожа, или хепатоцелуларен карцином или ангиосарком или леукемии или лимфоми).

102 БЕРИЛИУМ (ГЛУЦИНИУМ) ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работнокот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на берилиум или на неговите соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на:

1) фиброза на белите дробови и зголемени вредности на берилиум во биолошки материјал;

2) лимфаденопатија и зголемени вредности на берилиум во биолошки материјал;

3) промени во црниот дроб и зголемени вредности на берилиум во биолошки материјал или

4)промени на кожата (алергиски контактен дерматитис, или некротизирачки грануломски улцерации на кожата) и зголемени вредности на берилиум во биолошки материјал.

103.01 ЈАГЛЕН МОНОКСИД

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на јаглен моноксид (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика и оштетување на централниот нервен систем, срцето и зголемени вредности на ЦО во крв.

103.02 ЈАГЛЕН ОКСИХЛОРИД

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на јаглен оксихлорид (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика и три од следниве оштетувања: оштетување на горен респираторен тракт и очи, црн дроб, бубрези, кожа, крв и крвотворни органи, гастроинтестинален тракт , хроничен бронхит (или емфизем).

104. ХИДРОЦИЈАНИДНА КИСЕЛИНА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на хидроцијанидна киселина (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика и специфични оштетувања на три од наведените органи или системи: ЦНС, периферен нервен систем, сетило вид или сетило за слух , крв и крвотворни органи, штитна жлезда, кожа.

104.01 ЦИЈАНИДИ И НИВНИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работнникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на цијаниди и нивни соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика и специфични оштетувања на три од наведените органи: ЦНС, периферен нервен систем, очи, респираторен систем (горен или долен), крв и крвотворни органи, кожа, штитна жлезда.

104.02 ИЗОЦИЈАНАТИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на изоцијанати (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) астма (според критериуми од точка 304.06);

2) хроничен обструктивен бронхит (според критериуми од точка 307 ) или

3) иритативен конјунктивит со оштетување на корнеа или контакт дерматитис -алергиски или иритативен (според критериуми од точка 202).

105 КАДМИУМ ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на кадмиум или неговите соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) клиничка слика и зголемени вредности на кадмиум во биолошки материјал и радиолошки докажани специфични промени на коските (остеопороза, остеомалација, спонтани фрактури на карлица или бутни коски);

2) зголемени вредности на кадмиум во биолошки материјал и клиничка слика и оштетување на најмалку два органа: горен или долен респираторен систем, бубрег, црн дроб, хематопоезен систем;

3) да постои астма (според критериумите од точка 304.06 ); или

4) да постои малигно заболување (нос или параназални синуси или бели дробови).

106 ХРОМ ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на хром или неговите соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои :

1) хроничен ринит со перфорација на носната преграда (септум мембранацеум) докажан со: клинички наод и пореметување на назалната функција (риноманометриски) од тежок степен;

2) хроничен контакт дерматитис (според критериуми под точка 202);

3) специфични хромни улкуси;

4) алергиска астма (според критериумите од точка 304.06);

5) малигни неоплазми на респираторниот систем (бронхии, параназални синуси ларинкс) или

6) оштетување на минимум три од следниве органи: очи, црн дроб, бубрези, гастроинтестинален тракт.

107 ЖИВА ИЛИ НЕЈЗИНИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на жива или нејзини соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) зголемена концентрација на жива во урина или крв и едно од неведените пореметувања: оштетување на бубрезите, живин тремор, живин еретизам, или

2) зголемена концентрација на жива во урина или крв и две од наведените пореметувања: орофарингеален синдром, невровегетативен синдром - микромеркуријалисмус, Аткинсон-ов знак.

108 МАНГАН ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на манган или неговите соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) енцефалопатија (клинички и функционален наод, докажана во хоспитални услови);

2) екстрапирамидален синдром или

3) специфично оштетување на три од следниве органи и системи: бели дробови, нос, крв и крвотворни органи, црн дроб, кардиоваскуларен систем.

109. АЗОТНА КИСЕЛИНА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на азотна киселина (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постојат воспалителни промени, односно знаци за иритација на слузокожата на очите, горните дишни патишта и кожата, ерозија на забниот глеѓ, пореметување на гастроинтестиналниот тракт (катарални или улцерохеморагиски или некротични).

109.01 АЗОТНИ ОКСИДИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на азотни оксиди (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постојат:

1) воспалителни промени, односно знаци за иритација на слузокожата на очите, горните дишни патишта, метхемоглобинемија и ерозија на забниот глеѓ или

2) хроничен обструктивен бронхитис, (критериуми според точка 307).

109.02 АМОНИЈАК

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на амонијак (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постојат:

1) катарални промени, односно знаци за иритација на слузокожата на очите, горните дишни патишта и кожата, пореметување на гастроинтестиналниот тракт;

2) катаракта (или атрофија на ретина и ирис);

3) хроничен обструктивен бронхитис (критериуми под точка 307);

4) астма (критериуми под точка 304.06 );

5) да постојат катарални промени, односно знаци за иритација на слузокожата на очите, кожата и хроничен ринитис (критериуми под точка 304.07) или

6) хроничен контакт дерматитис (критериуми по точка 202).

110 НИКЕЛ ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на никел или неговите соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) хроничен ринит со ерозии и улцерации и со перфорација на носната преграда докажан со клинички наод и оштетување на назалната функција (риноманометриски) од тежок степен;

2) астма според критериумите под точка 304.06

3) хроничен обструктивен бронхит (според критериумиите по точка 307);

4) контактен хроничен дерматитис (според критериуми по точка 202) или

5) малигно заболување (бели дробови или желудник или нос, или ларинкс).

111 ФОСФОР ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на фосфор или неговите соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) фосфорна некроза на вилицата;

2) астма - иритативна (според критериуми по точка 304.06);

3) оштеување на црниот дроб и бубрезите или

4) контакт дерматитис (според критериуми по точка 202).

112 ОЛОВО ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на олово или негови соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

ПРЕСАТУРНИЗАМ:

Постоење на неспецифична симптоматологија и променети вредности на 3 од следните токсиколошки биоиндикатори: зголемени концентрации на олово во крв, намалени вредности на АЛА д во крв, зголемени вредности на базофилно пунктирани еритроцити (БПЕ) , зголемени вредности на копропорфирин во урина, зголемени вредности на АЛА во урина, зголемени вредности на елиминација на олово при провокација со хелати зголемени вредности на ЕПП ИЦ во еритроцитите или

САТУРНИЗАМ:

1) Специфични оштетувања на централниот нервен систем-енцефалопатија (клинички и функционален наод, докажана во хоспитални услови) и променети вредности на повеќе од еден на претходно наведените токсиколошки биоиндикатори;

2) периферниот нервен систем и променети вредности на повеќе од еден на претходно наведените токсиколошки биоиндикатори; или

3) присуство на две од следните пореметувања: анемија, оловни колики, оштетување на функцијата на бубрези и црн дроб како и променети вредности на повеќе од еден од претходно наведените токсиколошки биоиндикатори.

113. СУЛФУРНИ ОКСИДИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на сулфурни оксиди (податоци за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постојат:

1) катарални промени, односно знаци за иритација на слузокожата на очите и горните дишни патишта, метхемоглобинемија и хроничен обструктивен бронхитис (критериуми за хроничен обструктивен бронхитис според точка 307) или

2) невролошки пореметувања-тремор, конвулзии или периферен неуритис.

113.01 СУЛФУРНА КИСЕЛИНА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на сулфурна киселина (податоци за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постојат:

1) следниве пореметувања: воспалителни промени, односно знаци за иритација на слузокожата на очите и горните дишни патишта, кожата, ерозија на забниот глеѓ;

2) хроничен обструктивен бронхит (критериуми по точка 307) или

3) хроничниот контактен дерматитис (според критериуми по точка 202).

113.02 ЈАГЛЕН ДИСУЛФИД

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на јаглендисулфид (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постојат:

1) специфични промени на органот за вид;

2) токсична енцефалопатија (клинички и функционален наод, докажана во хоспитални услови) или

3) оштетување на периферниот нервен систем (симетрична полинеуропатија на долните екстремитети).

114 ВАНАДИУМ ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на ванадиум или негови соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) контактен дерматитис (според критериуми по точка 202 ) или

2) хроничен обструктивен бронхитис (според критериуми по точка 307).

115. ХЛОР

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на хлор (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Три од следниве пореметувања: воспалителни промени, - знаци на хронична иритација на слузокожата на очите и горните дишни патишта, ерозија на забната глеѓ, хлоракни, пореметувања на гастроинтестиналниот тракт, хроничен опструктивен бронхит (според критериуми од точка 307); или

2) астма-иритативна (според критериуми по точка 304.06).

115.01 БРОМ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на бром (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Воспалителни промени, - знаци на хронична иритација на слузокожата на очите и горните дишни патишта , бром акни и оштетување на гастроинтестиналниот тракт.

115.02 ЈОД

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на јод (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Воспалителни промени, - знаци на хронична иритација на слузокожата на очите и горните дишни патишта, јодни акни и оштетување на гастроинтестиналниот тракт.

115.03 ФЛУОР ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на флуор или негови соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Три од следниве пореметувања: знаци на иритација на слузокожата и кожата, (хроничен блефарит, коњунктивит, ринит со оштетување на септум, фарингит, ларингит, иритативен дерматит), ерозија на забната глеѓ, оштетување на гастроинтестинален тракт, оштетување на органот за вид (дистрофични промени на ретина, промени во видната функција) и специфични коскени промени.

116 АЛИФАТИЧНИ ИЛИ АЦИКЛИЧНИ ЈАГЛЕНОВОДОРОДИ СО ПОТЕКЛО ОД ПЕТРОЛЕУМ (СИРОВА НАФТА) ИЛИ ПРЕЧИСТЕН ПЕТРОЛЕУМ (СИРОВ БЕНЗИН)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи работни места на кои постои изложеност на алифатични јаглеúzem јаглеnоводороди со потекло од сирова нафта или сиров бензин (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) периферна дистална полинеуропатија при изложеност на н-хексан;

2) оштетувања на два од четирите наведени органи или системи: крв и крвотворни органи, црн дроб, бубрези, ЦНС; или

3) хроничен контактен дерматитис (според критериуми по точка 202).

117. ХАЛОГЕНИ ДЕРИВАТИ НА АЛИФАТИЧНИТЕ ЈАГЛЕНОВОДОРОДИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на халогени деривати на алифатичните јагленоводороди (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) оштетување на три од наведените органи или системи: црн дроб, крв и крвотворни органи, бубрези, нервен систем, кардиоваскуларен систем; или

2) малигни болести

За монохлоретилен или винил хлорид

Да постои:

1) акроостеолиза на дистални фаланги на прстите на рацете (или деминерализација и остеопороза на коските на прстите) и оштетување на минимум три органи од следните: кожа, црн дроб, крв и крвотворни органи, крвни садови, бубрези, нервен систем; или

2) малигно заболување (ангиосарком на хепар или малигни тумори на бели дробови или мозок или панкреас).

118 БУТИЛ, МЕТИЛ И ИЗОПРОПИЛ АЛКОХОЛ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на бутил или метил или изопропил алкохол (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) ретробулбарен неуритис и амблиопија при изложеност на метил алкохол или

2) присуство на пореметувања на три органи или системи: орган за вид, крв и крвотворни органи, црн дроб, бубрези, централен нервен систем, периферен нервен систем, срце, бели дробови.

119. ЕТИЛЕН ГЛИКОЛ, ДИЕТИЛЕН ГЛИКОЛ, 1,4-БУТАНДИОЛ И АЗОТНИ ДЕРИВАТИ НА ГЛИКОЛИ И ГЛИЦЕРОЛ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на етилен гликол, или диетилен гликол, или 1,4- бутандиол или на азотни деривати на гликоли или глицерол (доказ за изложеноста - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Клиничка слика или специфично оштетување на три од наведените органи или системи: крв и крвотворни органи, црн дроб, бубрези, централен нервен систем, срце гастроинтестинален тракт.

120 МЕТИЛ ЕТЕР, ЕТИЛ ЕТЕР, ИЗОПРОПИЛ ЕТЕР, ВИНИЛ ЕТЕР, ДИХЛОРОИЗОПРОПИЛ ЕТЕР, ГВАИАКОЛ, МЕТИЛ ЕТЕР И ЕТИЛ ЕТЕР НА ЕТИЛЕН ГЛИКОЛ

УСЛОВИ
Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на метил етер или етил етер или изопропил етер или винил етер или дихлороизопропил етер или гваиакол или метил етер или етил етер на етилен гликол (доказ за интензитетот и траење на изложеноста и позитивна работна анамнеза).
КРИТЕРИУМИ
1) Клиничка слика или специфични оштетувања на три од наведените органи или системи: крв и крвотворни органи, црн дроб, бубрези, централен нервен систем; или
2) контактен алергиски дерматит (според критериуми по точка 202).

121 АЦЕТОН, ХЛОРОАЦЕТОН, БРОМАЦЕТОН, ХЕКСАФЛУОРОАЦЕТОН, МЕТИЛ ЕТИЛ КЕТОН, МЕТИЛ Н-БУТИЛ КЕТОН, МЕТИЛ ИЗОБУТИЛ КЕТОН, ДИАЦЕТОН АЛКОХОЛ, МЕЗИТИЛ ОКСИД, 2-МЕТИЛЦИКЛОХЕКСАНОН

УСЛОВИ
Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на ацетон, или хлороацетон, или бромацетон, или хексафлуороацетон, или метил етил кетон, или метил н-бутил кетон, или метил изобутил кетон, или диацетон алкохол или мезитил оксид, или 2-метилциклохексанон (доказ за изложеноста - позитивна работна анамнеза).
КРИТЕРИУМИ
1) Пренаркотични манифестации и иритација на слузниците на очи, респираторен и гастроинтерстинален тракт; или
2) промени на периферниот нервен систем (периферна дистална сензомоторна невропатија и хипотрофија на мускулите) при изложеност на метилетилкетон или метил-н-бутилкетон.

122. ОРГАНОФОСФОРНИ ЕСТРИ

УСЛОВИ
Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на органофосфорни естри (доказ за изложеноста - позитивна работна анамнеза).
КРИТЕРИУМИ
Клиничка слика и специфично оштетување на три од наведените органи или системи: крв и крвотворни органи, црн дроб, бубрези, централен нервен систем, периферен нервен систем, срце и крвни садови, кожа , бели дробови.

123 ОРГАНСКИ КИСЕЛИНИ

УСЛОВИ
Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на органски киселини (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).
КРИТЕРИУМИ
Да бидат присутни:
1) три од наведените пореметувања: клиничка слика и објективен наод за астенија, (губиток во телесна тежина ) воспалителни промени, односно знаци за иритација на слузокожата

на очите, горните дишни патишта и оштетување на гастроинтестиналниот тракт, жолта пребоеност на кожата, косата и ноктите (за пикринска киселнина) или

2)хроничен контакт дерматитис (критериуми по точка 202).

124 ФОРМАЛДЕХИД

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на формалдехид (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои иритација и сензибилизација на слузницата на очи и горни дишни патишта: хроничен коњунктивит, (клинички наод и позитивен тест на изложеност и елиминација или позитивен прицк тест со формалдехид), хроничен ринит (критериуми по точка 304.07); хроничен обструктивен бронхит (според критериуми по точка 307);

2) контакт дерматитис (иритативен или алергиски) или контакт уртикарија синдром (според критериуми по точка 202); или

3) астма (според критериуми по точка 304.06).

125 АЛИФАТИЧНИ АЗОТНИ ДЕРИВАТИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на алифатични азотни деривати (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика или специфично на оштетувања на два од наведените органи или системи: крв и крвотворни органи, црн дроб, бели дробови, бубрези, централен нервен систем.

126. БЕНЗЕН ИЛИ СЛИЧНИ СОЕДИНЕНИЈА ДЕФИНИРАНИ СО ФОРМУЛАТА ЦнХ2н-6

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на бензен или слични соединенија дефинирани со формулата ЦнХ2н-6 (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои апластична анемија;

2) оштетување на три од наведените органи или системи: крв и крвотворни органи, црн дроб, бубрези, срце и крвни садови, централен нервен систем, периферен нервен систем и да постојат зголемени вредности на биоиндикаторите за изложеност: - феноли во урина;

3) контакт дерматит иритативен или алергиски (според критериуми по точка 202) или

4) малигни хематолошки заболувања.

126.01 НАФТАЛИН ИЛИ СЛИЧНИ СОЕДИНЕНИЈА (сличните соединенија на нафталинот се дефинирани со формулата ЦнХ2н-12)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на нафталин или слични соединенија кои се дефинирани со формулата ЦнХ2н-12 (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Клиничка слика или специфични оштетувања на два од следниве органи или ситеми: ЦНС, периферен нервен систем, црн дроб, бубрези, иритација на слузокожи (на очи, респираторниот систем, дигестивниот тракт);

2) катаракта (двострана прогредиентна катаракта и пореметување на видните функции (наод од специјалист офталмолог); или

3) контакт дерматитис (според критериуми по точка 202).

126.02 ВИНИЛБЕНЗЕН И ДИВИНИЛБЕНЗЕН

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на винилбензен и дивинилбензен (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Наркотичен ефект на ЦНС или

2) иритантен контакт дерматит (критериуми под точка 202).

127. ХАЛОГЕНИ ДЕРИВАТИ НА АРОМАТИЧНИТЕ ЈАГЛЕНОВОДОРОДИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на халогени деривати на ароматичните јагленоводороди (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Оштетување на минимум три од следните органи или системи: црн дроб, бубрези централен нервен систем, периферен нервен систем, кожа.

При изложеност на хлорирани деривати на ароматичните јагленоводороди присуство на хлорни акни и оштетување на минимум три од следните органи или ситеми: црн дроб, бубрези, централен нервен систем, периферен нервен систем, кожа.

128. ФЕНОЛИ ИЛИ СЛИЧНИ СОЕДИНЕНИЈА ИЛИ ХАЛОГЕНИРАНИ ДЕРИВАТИ ОД НИВ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на феноли или слични соединенија или халогенирани деривати од нив (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1)Оштетување на минимум три од следниве органи или системи: орган за вид (коњунктивит алергиски или иритативен), гастроинтестинален тракт, ЦНС, црн дроб, бубрези;

2) хроничен контакт дерматит -иритативен или алергиски (според критериуми по точка 202);

3) алергиска астма (критериуми по точка 304.06) или

4) алергиски ринитис (критериуми по точка 304.07).

128.01 НАФТОЛИ ИЛИ СЛИЧНИ СОЕДИНЕНИЈА ИЛИ ХАЛОГЕНИРАНИ ДЕРИВАТИ ОД НИВ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на нафтоли или слични соединенија или халогенирани деривати од нив (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постојат минимум три од наведениве оштетувања: оштетување на крв и крвотворни органи, оштетување на ЦНС, оштетување на црн дроб, оштетување на бубрези, иритација или сензибилизација на слузница на очи со оштетување на цорнеа и ленс, иритација на респираторен тракт, зголемени вредности на метхемоглобин;

2) да постои хроничен контакт дерматитис (според критериуми на по точка 202) или

3) да постои малигно заболувања (бубрези или мочна бешика или уретер или леукемии).

128.02 ХАЛОГЕНИРАНИ ДЕРИВАТИ НА АЛКИЛАРИЛ ОКСИДИТЕ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на халогенирани деривати на алкиларил оксидите (доказ за изложеноста - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Контакт дерматитис-алергиски и иритативен (според критериуми по точка 202) или

2) малигни заболувања.

128.03 ХАЛОГЕНИРАНИ ДЕРИВАТИ НА АЛКИЛ АРИЛ СУЛФОНАТИТЕ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на халогенирани деривати на алкиларил сулфонатите (доказ за изложеноста - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Контакт дерматитис -алергиски и иритативен (според критериуми по точка 202).

128.04 БЕНЗОКИНОНИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на бензокинони (доказ за изложеноста - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои оштетување на три од следниве органи или системи: ЦНС, црн дроб, бубрези, очи, респираторен (или гастроинтестинален) тракт;

2) хроничен контакт дерматит - иритантен до некротичен (критериуми на по точка 202) или

3) малигни заболувања.

129. АРОМАТИЧНИ АМИНИ ИЛИ АРОМАТИЧНИ ХИДРАЗИНИ ИЛИ ХАЛОГЕНИРАНИ ФЕНОЛНИ, НИТРИРАНИ, НИТРАТНИ ИЛИ СУЛФОНИРАНИ ДЕРИВАТИ ОД НИВ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на ароматични амини или ароматчни хидразини или халогенирани фенолни, нитрирани, нитратни или сулфонирани деривати од нив (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постојат минимум три од следниве оштетувања: оштетување на крв и крвотворни органи, оштетување на црн дроб, оштетување на централен нервен систем, оштетување на периферен нервен систем, оштетување на бубрези, да постојат зголемени вредности на метхемоглобин во крв;

2) астма (според критериумите по точка 304.06);

3) ринитис (критериуми по точка 304.07);

4) хроничен контактен дерматитис (според критериуми по точка 202); или

5) малигни заболувања (уринарни патишта или мочен меур).

129.01 АЛИФАТИЧНИ АМИНИ И ХАЛОГЕНИРАНИ ДЕРИВАТИ ОД НИВ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи работни места на кои постои изложеност на алифатични амини и халогенирани деривати од нив (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Алергиски контакт дерматитис (критериуми поточка 202);

2) астма (критериуми по точка 304.06) или

3) хроничен обструктивен бронхитис (критериуми по точка 307).

130. НИТРАТНИ ДЕРИВАТИ НА АРОМАТИЧНИТЕ ЈАГЛЕНОВОДОРОДИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на ароматични нитро деривати на јаглеnoводородот (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) катаракта на двете страни (екваторијална, а покасно со централна прогресија, и пореметување на видната функција);

2) да бидат присутни минимум три од наведениве пореметувања: оштетување на крв и крвотворни органи, оштетување на црн дроб, оштетување на бубрези, оштетување на срце и крвни садови, оштетување на централен нервен систем, оштетување на периферен нервен систем, да постојат зголемени вредности на метхемоглобин во крв;

3) астма (според критериумите по точка 304.06)

4) контактен хроничен дерматитис (според критериуми по точка 202) или

5) малигни заболувања (леукемии или кожа).

130.01 НИТРАТНИ ДЕРИВАТИ НА ФЕНОЛИ ИЛИ НИВНИ СЛИЧНИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на нитратни деривати на феноли или нивни слични соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Катаракта (двострана прогредиентна катаракта и пореметување на видните функции (наод од специјалист офталмолог);

2) да постојат минимум три од наведениве пореметувања: оштетување на црн дроб, оштетување на бубрези, оштетување на централен нервен систем, оштетување на тироидната жлезда, зголемени вредности на метхемоглобин во крв; или

3) малигни заболувања.

131 АНТИМОН И НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работнокот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на антимон и неговите соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постојат минимум три од наведениве пореметувања:

1)оштетување на срце, оштетување на гастроинтестинален тракт, оштетување на црн дроб, оштетување на бубрези, хроничен ринитис со перфорација на носна преграда (или хроничен коњунктивитис или хроничен фарингитис ), хроничен обструктивен бронхитис;

2) антимонска шуга ( еритем, папулопустулозни ефлоресценции и фоликулитис); или

3) хроничен алергиски контакт дерматитис (според критериуми од точка 202).

132 ЕСТРИ НА АЗОТНА КИСЕЛИНА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на естри на азотна киселина (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да се присутни четири од следниве пореметувања: главоболка - “dѕнамите хеад“, “Мондаѕ хеадацхе”, хипотензија, тахикардија ангинозни болки (ангиноидни кризи) манијакални манифестации по ингестија на алкохол (интолеранција на алкохол) метхемоглобинемија, анемија.

133 СУЛФУР ВОДОРОД

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни маста на кои постои изложеност на сулфур водород (податоци за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да се присутни 3 од следниве пореметувања: воспалителни промени, односно знаци за иритација на слузокожата на очите и горните дишни патишта, (цератоцонјунцтивитис цхр, рхинитис цхр со аносмија), ЦНС манифестации (главоболки, вртоглавици, пречки во памтењето, несоница), знаци на оштетување на вегетативниот нервен систем, знаци за хроничен бронхитис кај непушачи (мукопуролентен со хемоптизии).

134 ЕНЦЕФАЛОПАТИИ КОИ СЕ РЕЗУЛТАТ НА ОРГАНСКИ РАСТВОРУВАЧИ КОИ НЕ ВЛЕГУВААТ ПОД ДРУГИ ЗАГЛАВИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни маста на кои постои изложеност на органски растворувачи кои не влегуваат под други заглавија (податоци за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Токсична енцефалопатија (клинички и функционален наод), докажана со стандардни процедури во хоспитални услови.

135 ПОЛИНЕВРОПАТИИ КОИ СЕ РЕЗУЛТАТ НА ОРГАНСКИ РАСТВОРУВАЧИ КОИ НЕ ВЛЕГУВААТ ПОД ДРУГИ ЗАГЛАВИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на органски растворувачи кои не влегуваат под други заглавија (податоци за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Полиневропатија, (клинички и функционален наод), докажана со стандардни процедури во хоспитални услови.

2. КОЖНИ ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД СУПСТАНЦИИ И АГЕНСИ КОИ НЕ СЕ ВКЛУЧЕНИ ПОД ДРУГИ ЗАГЛАВИЈА

201 Кожни заболувања и кожни карциноми предизвикани од:

201.01 ГАР

(хемиски карциноген ИАРЦ 1)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на гар (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на малигно заболување на кожа или на бели дробови со потврден хистолошки тип и локализација согласно ИАРЦ листа.

201. 02 КАТРАН

Катран на камен јаглен (хемиски карциноген ИАРЦ 1)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на катран (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) клиничка слика на ацне пицеа (кератоза на фоликулите, меланодермија и др), или контакт дерматит (алергиски или фототоксичен или фотоалергиски) или

2) клиничка слика на малигно заболување на кожа или на бели дробови со потврден хистолошки тип и локализација согласно ИАРЦ листа.

201. 03 БИТУМЕН

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на битумен (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на ацне пицеа (кератоза на фоликулите)или клиничка слика на контакт дерматит (алергиски или фототоксичен или фотоалергиски).

201. 04 СМОЛИ

Смоли на катранот на камениот јаглен (хемиски карциноген ИАРЦ 1)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на смоли (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои:

1) клиничка слика на ацне пицеа (кератоза на фоликулите) или клиничка слика на контакт дерматит (алергиски или фототоксичен или фотоалергиски) со или без придружни состојби (кератокоњуктивит, хиперпгментации и сл.) или

2) клиничка слика на малигно заболување на кожа или на бели дробови или на мочен меур со потврден хистолошки тип и локализација согласно ИАРЦ листа.

201. 05 АНТРАЦЕН ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на антрацен или негови соединенија(доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои клиничка слика на ацне пицеа (кератоза на фоликулите) или клиничка слика на контакт дерматит (алергиски или фототоксичен или фотоалергиски) или

2) За некои соединенија на антрацен (бензантрацен на пр.) - клиничка слика на малигно заболување на кожа или бели дробови со потврден хистолошки тип и локализација согласно ИАРЦ листа.

201. 06 МИНЕРАЛНИ И ДРУГИ МАСЛА

(хемиски карциноген ИАРЦ 1)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на смоли (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои клиничка слика на ацне олеиница (кератоза на фоликулите) или клиничка слика на контакт дерматит (иритативен или алергиски или фототоксичен или фотоалергиски) со или без придружен коњуктивит, или

2) клиничка слика на малигно заболување на кожа со потврден хистолошки тип и локализација согласно ИАРЦ листа.

201. 07 СИРОВ ПАРАФИН (во вид на парафинско масло или гас од парафински восок)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на сиров парафин (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постојат минимум две од наведените пореметувања: ацне олеиница (кератоза на фоликулите), контакт дерматит - иритативен или алергиски (според точка 202), хроничен бронхит (според точка 307).

201. 08 КАРБАЗОЛ ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на карбазол или негови соединенија (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на контакт дерматит-иритативен или алергиски (според точка 202).

201.09 ПРИДРУЖНИ ПРОДУКТИ ОД ДЕСТИЛАЦИЈАТА НА ЈАГЛЕНОТ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на придружни продукти од дестиилацијата на јагленот (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1)Да постои клиничка слика на контакт дерматит-иритативен или алергиски или фототоксичен или фотоалергиски (критериуми по точка 202) или

2) За некои соединенија -придружни продукти од дестилацијата на јагленот од групата на полициклични ароматични јагленоводороди со четири и повеќе прстени (бензо-апирен на пр.)- клиничка слика на малигно заболување на кожа или бели дробови со потврден хистолошки тип и локализација согласно ИАРЦ листа.

202 ПРОФЕСИОНАЛНИ КОЖНИ ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД СУПСТАНЦИ, НАУЧНО ДОКАЖАНИ КАКО ПРЕДИЗВИКУВАЧИ НА АЛЕРГИЈА ИЛИ ИРИТАЦИЈА, А НЕ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ДРУГИ ЗАГЛАВИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на супстанци, научно докажани како предизвикувачи на алергија или иритација (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои клиничка слика на контакт дерматит (иритативен или алергиски или фототоксичен или фотоалергиски) кој трае 6 или повеќе месеци; со позитивен епикутан тест (патцх-тест) и/или реакција на иритација на материи од работното место; како и позитивен тест на изложеност и елиминација на работното место или

2) клиничка слика на рецидивантна уртикарија која трае една година или повеќе; позитивен кутан тест на алергените од работното место или провокативен тест (т.е појава на уртикаријална реакција во тек на неколку минути до неколку саати од изложеноста на причинителот од работното место при изведба на провокативниот тест); како и позитивен тест на изложеност и елиминација на работното место.

3 ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ИНХАЛАЦИЈА НА СУПСТАНЦИИ И АГЕНСИ КОИ НЕ СЕ ВКЛУЧЕНИ ПОД ДРУГИ ЗАГЛАВИЈА

301 Заболувања на респираторниот систем и карциноми

301. 11 СИЛИКОЗА (ПНЕУМОЦОНИОСИС СИЛИЦОТИЦА)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на прашина со слободен силициум диоксид (доказ за интензитетот и траење на изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1)Радиографски промени за фиброза на белите дробови со профузија 2/1 и повеќе, тип п, љ, р или

2) радиографски промени на белите дробови со профузија 1/1, тип п, љ или р и пореметување на вентилацијата на белите дробови од среден или тежок степен (радиографијата на белите дробови мора да биде направена според препораките на ИЛО).

301. 12 СИЛИКОЗА КОМБИНИРАНА СО БЕЛОДРОБНА ТУБЕРКУЛОЗА (ПНЕУМОЦОНИОСИС ЦУМ ТУБЕРЦУЛОСИС)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на прашина со слободен силициум диоксид (доказ за интензитетот и траењето на изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Радиографски промени на белите дробови со профузија 1/1 или повеќе и податоци за лекување на специфичен туберкулозен процес на белите дробови со наод од пнеумофтизиолог

301. 21 АЗБЕСТОЗА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на азбестни влакна (доказ за интензитетот и траењето на изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Радиографските промени на белите дробови да се со профузија 2/1 и повеќе тип с, т или у или

2) радиографски промени на белите дробови со профузија 1/1, тип с, т или у; со пореметување на респираторната функција (нарушена дифузијата или среден степен на вентилаторна инсуфициенција на белите дробови од рестриктивен тип).

301. 22 МЕЗОТЕЛИОМ ПО ИНХАЛАЦИЈА НА АЗБЕСТНА ПРАШИНА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на азбестна прашина (азбестни влакна) (доказ за интензитетот и должината на изложеноста - латентниот период изнесува 30 год., а може и пократок).

КРИТЕРИУМИ

Радиографски промени на белите дробови за присуство на азбестоза и наод за мезотелиом на плеврата (верифициран клинички, хистолошки, радиолошки).

301. 31 ПНЕУМОКОНИОЗИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД СИЛИКАТНА ПРАШИНА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои бил експониран на прашина која содржи силикати (талк, каолин) (доказ за интензитетот и траењето на изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1)Радиографски промени на фиброза на белите дробови со профузија 2/1 и повеќе, тип п, љ, р или

2) радиографски промени на белите дробови со профузија 1/1, тип п, љ или р и пореметување на вентилацијата на белите дробови од среден или тежок степен.

302. КОМПЛИКАЦИЈА НА АЗБЕСТОЗА ВО ФОРМА НА БРОНХИЈАЛЕН КАРЦИНОМ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на азбест и азбестни влакна (доказ за интензитетот и траењето на изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Радиографски промени на белите дробови за присуство на азбестоза со дијагностициран бронхијален карцином (клинички, хистолошки, радиолошки).

303. БРОНХО-ПУЛМОНАЛНИ БОЛЕСТИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ПРАШИНА НА СИНТЕРИРАНИ МЕТАЛИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи во производство и обработка на тврди метали (доказ за интензитетот и траењето на изложеноста - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Радиографски промени на фиброза на белите дробови со профузија 2/1 и повеќе или

2) радиографски промени на белите дробови со профузија 1/1 и инсуфициенција на вентилацијата на белите дробови од среден или тежок степен.

304. ЕКСТРИНЗИЧЕН АЛЕРГИСКИ АЛВЕОЛИТИС (ХИПЕРСЕНЗИТИВЕН ПНЕУМОНИТИС)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде бил експониран на органска запрашеност од микроорганизми со протеински честички од анимално или вегетабилно потекло и мацерирани делови на инсекти, како и контаминација на работната средина со биолошки честички од прав (доказ за изложеност и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Клиничка слика на заболувањето, со радиографски промени на белите дробови од типот на интерстицијална фиброза во средните и долните белодробни полиња, нарушување на белодробната функција (вентилациска инсуфициенција од најмалку среден степен или намален трансфер на ЦО2 ), позитивен специфичен имунолошки наод (имунолошки ин витро или ин виво тестови или позитивен специфичен бронхопровокативен тест на материи од работното место-касен тип).

304. 01 БЕЛОДРОБНИ ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ИНХАЛАЦИЈА НА ПРАШИНА И ВЛАКНА ОД ПАМУК, ЛЕН, КОНОП, ЈУТА, СИСАЛ - РАСТЕНИЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЈАЖИЊА, БАГАС - ОТПАДОЦИ ОД ШЕЌЕРНА ТРСКА

УСЛОВИ

Работникот да работел во услови на изложеност на растителна прашина (памук, лен, коноп, јута, сисал, багас), особено во почетните фази на преработката (доказ за интензитетот и траењето на изложеноста најмалку 10 години).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на втор или трет стадиум на болеста (стегање во градите и диспнеа во тек на сите работни денови во неделата) со позитивен функционален белодробен мониторинг-спирометриски наод кој покажува намалување на ФЕВ1 во текот на работната смена за 20% и повеќе во однос на вредностите на ФЕВ1 на почетокот на смената (потврден најмалку три пати).

304. 02 РЕСПИРАТОРНИ БОЛЕСТИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ИНХАЛАЦИЈА НА ПРАШИНА ОД КОБАЛТ, КАЛАЈ, БАРИУМ И ГРАФИТ

УСЛОВИ

Работникот да работи на работно место и работни задачи во индустриски гранки каде во воздухот има честици од кобалт и неговите соли, калај и неговите оксиди, бариум или чист баритин и графит (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Клиничка слика со радиолошки наод за хронична прогресивна интерстицијална фиброза и инсуфициенција на вентилацијата на белите дробови од среден или тежок степен.

304. 03 СИДЕРОЗА

УСЛОВИ

Работникот да работи на работно место и работни задачи каде вдишува чиста железна прашина (црна металургија, челичарница, валалница), како и кај електрозаварувачи од инхалација на честички од железен оксид (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои радиографски наод за сидеросклероза (белодробна фиброза)-со прогресивен ток (доказ-медицинска документација) и инсуфициенција на вентилацијата на белите дробови од среден или тежок степен.

305. МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГОРНИОТ РЕСПИРАТОРЕН ТРАКТ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ДРВНА ПРАШИНА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работни места и работни задачи каде бил експониран на прашина од тврдо дрво (доказ за изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на малигно заболување на горниот респираторен тракт со потврден хистолошки тип и локализација согласно ИАРЦ листа.

304. 04 АЛЕРГИСКА АСТМА ПРЕДИЗВИКАНА ОД ИНХАЛАЦИЈА НА СУПСТАНЦИИ СООДВЕТНО УТВРДЕНИ КАКО ПРЕДИЗВИКУВАЧИ НА АЛЕРГИЈА И ПОВРЗАНА СО ВИДОТ НА РАБОТАТА (А)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работни места на кои инхалирал материи кои имаат докажано сензибилизирачко (алергиско) дејство на дишните патишта (позитивна работна анамнеза - доказ за изложеност).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои клиничка слика на астма која трае 6 или повеќе месеци (наод од пулмолог) со доказ (медицинска документација) дека работникот не боледувал од астма пред вработувањето; позитивен неспецифичен бронхопровокативен тест; позитивен функционален белодробен мониторинг (спирометриски наод кој покажува намалување на ФЕВ1 или ПЕФ во текот на работната смена за 20% и повеќе во однос на вредностите на ФЕВ1 на почетокот на смената (потврден најмалку три пати) како и сериска Пеак Еџпираторѕ Флоњ (ПЕФ)- метрија во тек на еден месец со варијабилност на ФЕВ1 односно ПЕФ за повеќе од 20% во тек на изложеност и елиминација); тест на изложеност и елиминација; позитивен специфичен кожен тест и/или покачени специфични ИгЕ или

2) клиничка слика на астма која трае 6 или повеќе месеци (наод од пулмолог) со доказ (медицинска документација) дека работникот не боледувал од астма пред вработувањето и позитивен специфичен бронхопровокативен тест на агенсот на којшто лицето е експонирано на работното место.

АСТМА ПРЕДИЗВИКАНА ОД СУПСТАНЦИ, НАУЧНО ДОКАЖАНИ КАКО ПРЕДИЗВИКУВАЧИ НА ИРИТАЦИЈА, ПОВРЗАНИ СО РАБОТНОТО МЕСТО (Б)

УСЛОВИ

Работникот да работел на работни места на кои инхалирал материи кои имаат докажано иритирачко дејство на дишните патишта (позитивна работна анамнеза - доказ за изложеност).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на астма која трае 6 или повеќе месеци(наод од пулмолог) со доказ (медицинска документација) дека работникот не боледувал од астма пред вработувањето; позитивен неспецифичен бронхопровокативен тест; позитивен функционален белодробен мониторинг: спирометриски наод кој покажува намалување на ФЕВ1 или ПЕФ во текот на работната смена за 20% и повеќе во однос на вредностите на ФЕВ1 на почетокот на смената (потврден најмалку три пати) како и со сериска Пеак Еџпираторѕ Флоњ (ПЕФ) - метрија во тек на еден месец со варијабилност на ФЕВ1 односно ПЕФ за повеќе од 20% во тек на изложеност и елиминација; тест на изложеност и елиминација.

304.05 АЛЕРГИСКИ РИНИТИС ПРЕДИЗВИКАН ОД ИНХАЛАЦИЈА НА СУПСТАНЦИИ СООДВЕТНО УТВРДЕНИ КАКО ПРЕДИЗВИКУВАЧИ НА АЛЕРГИЈА И ПОВРЗАН СО ВИДОТ НА РАБОТАТА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работни места на кои бил експониран на инхалација на материи кои имаат докажано сензибилизирачко (алергиско) дејство на дишните патишта и да постои врска помеѓу видот на работата (изложеноста на алергогените материи) и заболувањето (доказ за вид на работа, начин на работа и изложеност).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои клиничка слика која трае шест или повеќе месеци и оштетување на назалната функција (риноманометриски) и позитивни прицк тестови на алергени од материјал од работното место;

2) клиничка слика која трае шест или повеќе месеци и позитивен експозиционен односно елиминационен тест на работното место, докажан со назален функционален мониторинг (риноманометриски);

3) клиничка слика која трае шест или повеќе месеци и оштетување на назалната функција (риноманометриски) и позитивен тест на назална провокација со специфични алергени од работно место, евалуиран риноманометриски или

4) клиничка слика на хроничен ринитис повеќе од 6 месеци и пореметување на назалната функција од тежок степен (риноманометриски под 500 ццмсец-1) и докази за сочуваната назална функција пред вработувањето и отсуство на хроничен ринитис пред вработувањето .

306. ФИБРОГЕНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ПЛЕВРАТА СО РЕСПИРАТОРНА РЕСТРИКЦИЈА, ПРЕДИЗВИКАНА ОД АЗБЕСТ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работно место и работи каде е експониран на инхалација на азбестна прашина и азбестни влакна (доказ за работна изложеност).

КРИТЕРИУМИ

Радиографски наод за фиброгени промени на плеврата и пореметување на вентилацијата на белите дробови од рестриктивен тип, од среден или тежок степен.

307. ХРОНИЧЕН ОПСТРУКТИВЕН БРОНХИТИС ИЛИ ЕМФИЗЕМ КАЈ РУДАРИ КОИ РАБОТАТ НА ПОДЗЕМНИ РУДНИЦИ ЗА ЈАГЛЕН

УСЛОВИ

Работникот да работел во услови на изложеност на јагленова прашина - при откопување на рудишта, превоз на руди и други работи под земја во рудници за јаглен (доказ за интензитетот и траењето на изложеноста - позитивна работна анаменза).

КРИТЕРИУМИ

Клиничка слика на хроничен опструктивен бронхитис или емфизем, пореметување на белодробната вентилација од среден кон тежок степен, радиографски промени за бронхитис и/или емфизем, нормален спирометриски наод пред вработувањето, доказ за прогресија на оштетувањето на белодробната функција во текот на работата со доказ дека заболениот одсекогаш бил непушач.

308. БЕЛОДРОБЕН КАРЦИНОМ ПО ИНХАЛАЦИЈА НА АЗБЕСТНА ПРАШИНА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на азбестни влакна (доказ за интензитетот и траењето на изложеноста над 20 години и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Клиничка слика за малигно заболување на белите дробови, со потврден хистолошки тип и локализација со или без радиографски промени за азбестоза.

309. БРОНХОПУЛМОНАЛНИ БОЛЕСТИ КОИ СЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ПРАШИНА ИЛИ ИСПАРУВАЊА АЛУМИНИУМ ИЛИ НЕГОВИ СОЕДИНЕНИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работи на работи и работни задачи при чие вршење се развива прав или испарување од алуминиум или негови соединенија (доказ за работна изложеност - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои клиничка слика и радиографски наод за дифузна интерстицијална фиброза на белите дробови (алуминоза) со пореметување на белодробната вентилација од среден кон тежок степен;

2) хроничен опструктивен бронхитис и/или емфизем (точка 307) или

3) алергиска астма (точка 304.06).

310. БРОНХО - ПУЛМОНАЛНИ БОЛЕСТИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ПРАШИНА ОД БАЗНИ ТРОСКИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места во услови на изложеност на прашина од базни троски, при металургиска обработка-топење на руда, најчесто.

КРИТЕРИУМИ

1) Да постои клиничка слика и радиографски наод за дифузна интерстицијална фиброза на белите дробови со пореметување на белодробната вентилација од среден кон тежок степен; со прогресивен тек на болеста (медицинска документација) или

2) Во услови на присутен слободен СиО2 можен е развој на силикоза (според дадените критериуми).

4 ИНФЕКТИВНИ И ПАРАЗИТАРНИ ЗАБОЛУВЊА

401 ИНФЕКТИВНИ ИЛИ ПАРАЗИТАРНИ ЗАБОЛУВАЊА ШТО СЕ ПРЕНЕСУВААТ НА ЛУЃЕТО ПРЕКУ ЖИВОТНИ ИЛИ ОСТАТОЦИ ОД ЖИВОТНИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде е возможен контакт со заразени животни (со нивното месо, ракување со отпадоци од заразени животни на товар, истовар или транспорт на стоки што се загадени од заразени отпадоци на животни, како и работа со заразени материјали) - позитивна работна анамнеза.

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на зооноза во акутен, субакутен или хроничен стадиум или состојба после прележана болест (дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести);

доказ за контактот со причинителот на болеста на работното место (заверен опис на работите и работните задачи на работното место, просторната и временската поврзаност со причинителот); да постојат докази од кои се добива увид за актуелната епидемиолошка состојба во фамилијата и околината - надвор од работната средина (податоци за заболувања на членовите од семејството што ги дава надлежниот матичен доктор).

402 ТЕТАНУС

УСЛОВИ

Да е регистрирана повреда на работа кај работник кој не е вакциниран против тетанус или е делумно заштитен, на работни места каде е возможен контакт со причинителот - позитивна работна анамнеза.

КРИТЕРИУМИ

Да е верифицирана клиничка слика на тетанус или состојба после прележана болест (дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести); да постои доказ за контактот со причинителот на болеста на работното место (заверен опис на работите и работните задачи на работното место, просторната и временската поврзаност со причинителот).

403 БРУЦЕЛОЗА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде е можен контакт со заразени животни (со нивното месо, ракување со отпадоци од заразени животни на товар, истовар или транспорт на стоки што се загадени од заразени отпадоци на животни, како и работа со заразени материјали) - позитивна работна анамнеза.

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на бруцелоза во акутен, субакутен или хроничен стадиум или состојба после прележана болест (дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести); да постои доказ за контактот со причинителот на болеста на работното место (документиран и заверен опис на работите и работните задачи на работното место, просторната и временската поврзаност со причинителот); да постојат докази од кои се добива увид во актуелната епидемиолошка состојба во фамилијата и околината - надвор од работната средина (податоци за заболувања на членовите од семејството што ги дава надлежниот матичен доктор).

404 ВИРУСЕН ХЕПАТИТИС

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде е можен парентерален контакт со причинителот на болеста ( хепатитис-А-вирус (ХАВ),или хепатитис-Б-вирус (ХБВ), или хепатитис -Ц-вирус (ХЦВ), или хепатитис-Д-(делта)-вирус (ХДВ) или хепатитис-Е-вирус (ХЕВ) или хепатитис-Г-вирус (ХГВ) и позитивна работна анамнеза.

КРИТЕРИУМИ

Клиничка слика на вирусен хепатит во акутен, субакутен или хроничен стадиум или состојба после прележана болест (дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести), болеста може да еволуира во хепатална цироза и карцином; доказ за контактот со причинителот на болеста на работното место (заверен опис на работите на работното место, просторна и временска поврзаност со причинителот); доказ од кој се добива увид во актуелната епидемиолошка ситуација; лична, во фамилијата и во околината - надвор од работната средина

(за болниот, податоци од матичниот доктор за примање на парентерална терапија, како и податоци од надлежниот матичен лекар за заболувања на членови од фамилијата).

405 ТУБЕРКУЛОЗА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде е можен парентерален контакт со туберкулозниот бацил.

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на туберкулоза во акутен, субакутен или хроничен стадиум или состојба после прележана болест (дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести или пневмофтизиолог ); да постои доказ за контактот со причинителот на болеста на работното место (документиран и заверен опис на работите и работните задачи на работното место, просторната и временската поврзаност со причинителот); да постојат докази од кои се добива увид во актуелната епидемиолошка состојба во фамилијата и околината - надвор од работната средина (податоци за заболувања на членовите од семејството што ги дава надлежниот матичен доктор).

406 АМЕБИЈАЗА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде е можен контакт со причинителот на болеста (биолошкиот агенс)- позитивна работна анамнеза.

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на амебијаза во акутен, субакутен или хроничен стадиум или состојба после прележана болест (дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести); да постои доказ за контактот со причинителот на болеста на работното место (заверен опис на работите и работните задачи на работното место, просторната и временската поврзаност со причинителот); да постојат докази од кои се добива увид во актуелната епидемиолошка состојба во фамилијата и околината - надвор од работната средина (податоци за заболувања на членовите од семејството што ги дава надлежниот матичен доктор).

407 ДРУГИ ИНФЕКТИВНИ ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ПРИ ПРЕВЕНЦИЈА НА БОЛЕСТИ, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ДОМАШНА ПОСЕТА И ДРУГИ СЛИЧНИ АКТИВНОСТИ ЗА КОИ Е ДОКАЖАН РИЗИКОТ ОД ИНФЕКЦИЈАТА

УСЛОВИ

Работникот (лекарите и другиот медицински персонал, ветеринарскиот персонал и другиот помошен персонал вработен во болници, лекувалишта, амбуланти и во други здравствени организации во врска со негата на луѓето или во врска со работа на секцирање на трупови или со заразни материјали, работи што ги врши персоналот на научно-медицински лаборатории при работа со заразни материјали и персоналот при работа за сузбивање и научно-истражување на заразни болести) да работел на работи и работни места каде е можен парентерален контакт со причинителот на болеста-позитивна работна анамнеза.

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на инфективното заболување во акутен, субакутен или хроничен стадиум или состојба после прележана болест (дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести); да постои доказ за контактот со причинителот на болеста на работното место

(документиран и заверен опис на работите и работните задачи на работното место, просторната и временската поврзаност со причинителот); да постојат докази од кои се добива увид во актуелната епидемиолошка состојба во фамилијата и околината - надвор од работната средина (податоци за заболувања на члeновите од семејството што ги дава надлежниот матичен доктор или надлежна епидемиолошка служба ).

За парентерална инфекција предизвикана со хуман имунодефициентен вирус-Синдромот на стечена имунодефициенција (АИДС).

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде е можен парентерален контакт со причинителот на болеста.

КРИТЕРИУМИ

Позитивна серолошка реакција на АИДС - критичен параметар кој подразбира преминување на латентната состојба во манифестна форма на болеста (дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести); доказ за контакт со причинителот на работното место (заверен опис на работите на работното место, просторна и временска поврзаност со причинителот); докази од кои се добива увид во актуелната епидемиолошка ситуација, лична, во фамилијата и во околината - надвор од работната средина (податоци од надлежниот матичен лекар за заболувања на членови од фамилијата).

408 ИНФЕКТИВНИ ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД КОРОНАВИРУС COVID-19 ПРИ ПРЕВЕНЦИЈА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ДОМАШНА ПОСЕТА И ДРУГИ СЛИЧНИ АКТИВНОСТИ ЗА КОИ Е ДОКАЖАН РИЗИКОТ ОД ИНФЕКЦИЈАТА.

УСЛОВИ

Работникот (лекарите и другиот медицински персонал, ветеринарскиот персонал и другиот помошен персонал вработен во болници, лекувалишта, амбуланти и во други здравствени организации во врска со негата на луѓето или во врска со работа на секцирање на трупови или со заразни материјали, работи што ги врши персоналот на научно-медицински лаборатории при работа со заразни материјали и персоналот при работа за сузбивање и научно-истражување на заразни болести) да работел на работи и работни места каде е можен контакт и изложеност со причинителот на болеста -позитивна работна анамнеза.

КРИТЕРИУМИ

Со или без клиничка слика на инфективното заболување (акутен, субакутен или хроничен стадиум), или состојба после прележана болест, дијагноза потврдена од специјалист за инфективни болести, дополнително потврдена со позитивен микробиолошки ПЦР тест за детекција на Коронавирусот COVID-19 од лабораторија која има дозвола, од соодветен надлежен орган, за изведување на ова тестирање.

5 .ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД СЛЕДНИТЕ ФИЗИЧКИ АГЕНСИ:

502.01 КАТАРАКТИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ТОПЛОТНА РАДИЈАЦИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде е изложен на топлотна радијација (инфрацрвено зрачење) - доказ за интензитетот и траење на изложеноста од најмалку пет години.

КРИТЕРИУМИ

Да постои двострана прогредиентна катаракта и пореметување на видните функции (наод од специјалист офталмолог).

502.02 КОЊУКТИВАЛНИ БОЛЕСТИ ПО ИЗЛОЖЕНОСТ НА УЛТРАВИОЛЕТОВО ЗРАЧЕЊЕ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места на кои постои изложеност на нејонизирачко зрачење-ултравиолетово зрачење (доказ за интензитетот и траење на изложеноста-најмалку пет години).

КРИТЕРИУМИ

Да постои двостран кератокоњуктивитис и пореметување на видните функции (наод од специјалист офталмолог).

503 ХИПАКУЗИЈА ИЛИ ГЛУВОСТ ПРЕДИЗВИКАНА ОД БУЧАВА

УСЛОВИ

Работникот подолго време да вршел работи или се наоѓал на работни места каде бил експониран на бучава над дозволеното ниво (доказ за траење и интензитет на изложеноста - позитивна работна анамнеза)

КРИТЕРИУМИ

Да постои двострано перцептивно оштетување на слухот повеќе од 30 % по Фоњлер-Сабинеовата скала (наод од специјалист ОРЛ) и да постои медицинска документација која исклучува: воспаленија на ушите, земање на ототоксични лекови и повреди на главата и аудиограм пред вработување. (Во недостаток на нулти аудиограм, сетивото за слух во моментот на вработувањето се смета за сочуван).

504 ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД АТМОСФЕРСКА КОМПРЕСИЈА ИЛИ ДЕКОМПРЕСИЈА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места во кесони, нуркачи и летечки персонал (доказ за изложеност на повторувачки нагли декомпресии - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Клиничка слика на воздушни емболии со знаци на оштетување на еден од наведените органи или системи: оштетување на централниот и периферниот нервен систем (парези и/парализи), оштетување на сетилото за вид (диплопија, амблиопија, скотоми), аудиовестибуларниот систем (наглувост, вртоглавици), оштетувања на кардиоваскуларниот

систем (пореметување на срцевиот ритам, артерискиот крвен притисок), оштетувања на белите дробови (диспнеа, цијаноза, белодробен едем, емфизем), оштетувања на коскено-зглобниот систем (симтрична двострана зафатеност на големите зглобови со ограниченост во движењата) и медицинска документација која ги потврдува повторувачките емболии (најмалку два пати).

505. ОСТЕОАРТИКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ШЕПИТЕ И ЗГЛОБОВИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД МЕХАНИЧКИ ВИБРАЦИИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои изложеност на вибрации (доказ за изложеност од најмалку пет години).

КРИТЕРИУМИ

Пореметување на коскениот систем: сцинтиграфски промени на коските на шепите или лактот; радиографски промени на коските на шепите (артрозе, егзостозе, асептични некрози или еностози и цисти) или лактот-епикондилитис.

505.01 АНГИОНЕВРОТСКИ ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД МЕХАНИЧКИ ВИБРАЦИИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои изложеност на вибрации (доказ за изложеност од најмалку пет години - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои пореметување на периферниот васкуларен систем-(позитивен Цолд тест, позитивен капилароскопски наод, позитивна плетизмографија) и пореметувања на периферниот нервен систем (обостран ЕМНГ верифициран испад на сензибилитетот на нервите на шепата-н.медианус или н.улнарис или трофични промени на шепата-хипотрофија на хипотенар или тенар, со атрофија на кожата или феномен на празни ракавици).

506. ЗАБОЛУВАЊА НА ПЕРИАРТИКУЛАРНИТЕ САКУСИ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРИТИСОК

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои долготрајно напрегнување и долготраен притисок на бурзите-најмалку пет години (доказ за траење на изложеноста-позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика за хронично воспаление на периартикуларните сакуси (бурзи)-хроничен бурзитис, во пределот на зафатениот зглоб со присуство на тумефакција и хиперкератоза во пределот на зглобот- хроничен бурзитис (наод од специјалист ортопед) и да е ограничена максималната екстензија на зглобот.

506.01 ПРЕ-ПАТЕЛАРЕН И СУБ-ПАТЕЛАРЕН БУРЗИТИС

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои долготрајно напрегнување и долготраен притисок и нефизиолошка положба, на периартикуларните сакуси на коленото-најмалку пет години (доказ за траење на изложеноста - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика за хронично воспаление на бурзите (пре-пателарна или суб-пателарна бурза) во пределот на коленото со присуство на тумефакција и хиперкератоза во пределот на зглобот-хроничен бурзитис (наод од специјалист ортопед) и да е ограничена максималната екстензија на зглобот.

506.02 ОЛЕКРАНОНСКИ БУРЗИТИС

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои долготрајно напрегнување и долготраен притисок и нефизиолошка положба, на периартикуларните сакуси на лакатот-најмалку пет години (доказ за траење на изложеноста - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика за хронично воспаление на бурзата на лакатот, хроничен бурзитис, со тумефакција и хиперкератоза во пределот на зглобот (наод од специјалист ортопед) и да е ограничена максималната екстензија на зглобот.

506.03 БУРЗИТИС НА РАМО

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои долготрајно напрегнување и долготраен притисок и нефизиолошка положба, на периартикуларните сакуси на рамото-најмалку пет години (доказ за траење на изложеноста - позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика за хронично воспаление на бурзата на рамото, хроничен бурзитис со тумефакција и хиперкератоза во пределот на зглобот (наод од специјалист ортопед), да е ограничена максималната екстензија на зглобот.

506.21 ЗАБОЛУВАЊА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРЕКУМЕРЕН НАПОР НА ТЕТИВНИТЕ ОБВИВКИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои долготрајно напрегнување и долготраен притисок на тетивниоте обвивки - најмалку пет години (доказ за траење на изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика за воспаление на тетивните обвивки - хроничен воспалителен процес на тетивните обвивки и нивна намалена функција (наод од специјалист ортопед) со ограничувања во локомоторната функцијата, наоди за уреден клинички наод пред стапување на

работното место, како и постоење медицинска документација која ја потврдува прогресијата на болеста со текот на работата.

506.22 ЗАБОЛУВАЊА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРЕКУМЕРЕН НАПОР НА ПЕРИТЕНДИНЕУМОТ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои долготрајно напрегнување и прекумерен напор на перитендинеум - најмалку пет години (доказ за траење на изложеноста и позитивна работна анамнеза)

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика за воспаление на перитендинеумот - хроничен воспалителен процес на перитендинеум (наод од специјалист ортопед) со ограничувања во функцијата, наоди за уреден клинички наод пред стапување на работното место, како и постоење медицинска документација која ја потврдува прогресијата на болеста со текот на работата.

506.23 ЗАБОЛУВАЊА КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРЕКУМЕРЕН НАПОР НА МУСКУЛНИТЕ И ТЕТИВНИТЕ ПРИПОИ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои долготрајно напрегнување на мускулните и тетивните припои - најмалку пет години (доказ за траење на изложеноста и позитивна работна анамнеза).

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика за воспаление на мускулните и тетивните припои - хроничен воспалителен процес на мускулните и тетивните припои (наод од специјалист ортопед) со ограничувања во функцијата, наоди за уреден клинички наод пред стапување на работното место, како и постоење медицинска документација која ја потврдува прогресијата на болеста со текот на работата.

506.30 ЛЕЗИИ НА МЕНИСКУС КОИ ШТО СЛЕДАТ ПО ПОДОЛГИ ПЕРИОДИ НА РАБОТА ПРИ ПОТПИРАЊЕ НА КОЛЕНА ИЛИ ПРИ КЛЕЧЕЧКА ПОЛОЖБА

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои оптеретување на коленото во нефизиолошка положба (доказ за траење на оптоварувањето на коленото најмалку пет години со дневно оптеретување од една третина од работното време).

КРИТЕРИУМИ

Да има клинички наод за лезија на менискусот (потврда од специјалист ортопед) или со артроскопски преглед и ограничување на екстензијата на подколеницата задните 10 степени или блокада во коленото и феномен на прескокнување.

506.4 ПАРАЛИЗА НА НЕРВИТЕ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ПРИТИСОК

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи каде постои долготрајно пренапрегање и притисок на периферниот нерв- позитивна работна анамнеза.

КРИТЕРИУМИ

Да постои клиничка слика на парализа на периферниот нерв (н. радиалис, н.медианус, н.улнарис, н.тибиалис, н.перонеус) потврден со наодот на специјалист невролог и да постои ЕМНГ наод кој ја потврдува парализата, како и постоење медицинска документација која ја потврдува прогресијата на болеста со текот на работата.

506.45 СИНДРОМ НА КАРПАЛНИОТ ТУНЕЛ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи каде подолго бил експониран на локални вибрации, работа со виброгени алати или работи каде постои долготрајно пренапрегање и притисок на шепата и подлактицата- позитивна работна анамнеза.

КРИТЕРИУМИ

Да постои хипотрофија на мускулите на тенар со слабост на опозиција и абдукција на палецот и да постои ЕМНГ наод на синдром на карпалниот тунел.

507 РУДАРСКИ НИСТАГМУС

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места во подземни испитувања и припремни работи во рудници за јаглен , ископување на рудни тела или транспорт на истите најмалку 10 години.

КРИТЕРИУМИ

Постоење на нистагмус во напади (нарушување на мотилитетиот на очните булбуси) со спора адаптација на темно (наод од специјалист офталмолог).

508 ЗАБОЛУВАЊА ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

УСЛОВИ

Работникот да работел на работи и работни места каде постои изложеност на отворени или затворени извори на јонизирачко зрачење (доказ за изложеноста од најмалку пет години и доказ за изложеност добиен од личен дозиметар) како и во рудници со зголемена радиоактивност.

КРИТЕРИУМИ

Да постои оштетување на еден од радиосензитивните ткива (хематопоезни систем, око, кожа, тиреоидна жлезда) или да постои позитивен биодозиметриски тест (цитогенетски материјал или радиоактивност на урината (да се исклучи примена на радиодијагносточки и радиотерапевтски постапки, примена на хемотерапевтици, цитостатици, хемотоксични антибиотици, антиметаболици, ксенобиотиции др.)

Член 4

Инфективните заболувања предизвикани од Коронавирус COVID-19 од член 2 точка 4 потточка 408 и член 3 точка 4 потточка 408 од овој правилник, се сметаат за професионални болести со денот на прогласувањето на Пандемијата COVID-19 од страна на Светската здравствена организација.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за листата на професионалните болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/04).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-3207/1
6 мај 2020 година
Скопје

Заменик министер
за труд и социјална политика,
**Gjonul Bajraktar**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**

ISSN 0354-1622

2020118